## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6237 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање."*
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања."*
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  *„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на*

*правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

- **Член 76-а, ставови 2, 3, 4 и 11 од Изборниот законик**

  (2) *„За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*

  *(3) „Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување";*

  *(4) „Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух".*

  *(11) „Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес".*

## 6. Констатации од надзорот:

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Од 21 до 30 ноември, методолошки се селектирани вкупно – 11 часа 7 минути и 53 секунди, што опфаќаат вести, извештаи, соопштенија и експертски гледишта за активностите на учесниците во изборната кампања, како и општествени актуелности од Република Македонија и глобално важни настани од светската политика, емитувани во дваесет анализирани изданија на ТВ-дневниците од 18:30 и од 22 часот.

Изборниот законик во член 76-а утврдува конкретни правила за распоредот на времето во дневно-информативните емисии на Јавниот радиодифузен сервис:

- *За време на изборната кампања Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*

Според оваа замисла од Изборниот законик, распоредот на информативното време во првите десет дена (од 21 до 30 ноември), покажува процентуален „вишок" за ставката „дневни настани од земјата и од светот", за сметка на времето од вестите наменето за активностите на партиите од власта и од опозицијата:

- Активности од кампањите на политичките партии на власт – 28%;
- Активности од кампањите на политичките партии во опозиција – 27%;
- Дневни настани од земјата и од светот – 34%;
- Активности од кампањите на политичките партии што не се во Собранието – 11%;

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:03:51 | 33,73 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 02:05:28 | 66,27 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:09:19** | 100 | % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | |
| Коалиција за промени и правда | 00:17:35 | 9,59 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 01:48:33 | 59,21 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:57:11 | 31,19 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:03:19** | 100 | % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | | |
| Други субјекти | 00:48:23 | 21,53 | % |
| Вести од светот | 00:49:41 | 22,11 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:46 | 1,23 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:46 | 1,23 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:39:45 | 17,69 | % |
| Влада на РМ | 00:15:09 | 6,74 | % |
| ДИК и други органи | 00:08:01 | 3,57 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:55 | 2,63 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:43 | 5,66 | % |
| Судство | 00:10:19 | 4,59 | % |
| Специјално обвинителство | 00:11:43 | 5,21 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:38 | 1,62 | % |
| Без субјекти | 00:01:27 | 0,65 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:06 | 0,49 | % |
| Локална самоуправа | 00:07:20 | 3,26 | % |
| Привремена комисија | 00:04:00 | 1,78 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:44:42** | 100 | % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | | |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:23:50 | 33,78 | % |
| Беса | 00:24:34 | 34,82 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:17:22 | 24,62 | % |
| Левица | 00:02:27 | 3,47 | % |
| Либерална партија | 00:02:20 | 3,31 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:10:33** | 100 | % |
| **Вкупно:** | **11:07:53** | | |

Дополнително, Изборниот законик пропишува дека „времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување“, односно во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати. Податоците од мониторингот говорат дека времето за активностите на учесниците во

изборниот процес, и во делот одвоен за кампањите на политичките партии од власта, и во делот за активностите на опозицијата, како и во делот за кампањите на партиите што не се застапени во Собранието на Република Македонија, не е распределено пропорционално според бројот на потврдени листи со кандидати. Така, во 30% наменети за активностите на политичките партии од власта, двата учесника во изборниот процес – Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др. и ДУИ, кои имаат по седум потврдени кандидатски листи, не се застапени приближно еднакво, туку со околу 1 час разлика во полза на ДУИ. Во 30% од вестите наменети за активностите на опозицијата, најмногу време е одвоено за учесникот во изборната кампања со пет потврдени листи со кандидати (ДПА), потоа за учесникот со седум листи (Коалицијата СДСМ и др.) и за учесникот со шест кандидатски листи (Коалицијата за промени и правда). Слични отстапувања има и во 10% од вкупниот дневно-информативен простор наменет за вонпарламентарните учесници во изборната кампања, каде воопшто нема информации за кампањата на Коалицијата ВМРО за Македонија, која има потврдени листи со кандидати во седум изборни единици.

Принципот на пропорционалност не е почитуван, ниту во распоредот на директните обраќања на учесниците во изборниот процес. (Табела 2).

Минутажата евидентирана за партиите ДУИ и ДПА, во статистичката категорија – „Дневни настани од земјата и светот", се должи на опширен извештај за гостувањето на нивните челници - Али Ахмети и Мендух Тачи, на свеченоста во Скопје приредена од Хашим Тачи, претседателот на Косово, на која биле доделени признанија за личности заслужни за развојот на самостојната Република Косово. Новинарски, иницијативата (мотивот) за настанот е поставен врз Претседателот на Косово, па оттаму споменатата минутажа не е прикажана во рамките на категориите во кои се бележат различните видови непосредна партиска активност на партиите од власта и од опозицијата.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 01:07:08 | 24,92 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:58:08 | 21,58 | % |
| Други субјекти | 00:19:28 | 7,23 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:26 | 5,36 | % |
| Влада на РМ | 00:04:22 | 1,62 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:13:48 | 5,12 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:27:26 | 10,18 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:24:48 | 9,20 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:34 | 0,21 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:06:04 | 2,25 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:07:42 | 2,86 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:12 | 1,56 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:06 | 0,78 | % |
| Беса | 00:11:12 | 4,16 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:26 | 0,53 | % |
| Либерална партија | 00:01:02 | 0,38 | % |
| Левица | 00:00:48 | 0,30 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:30 | 1,30 | % |
| Привремена комисија | 00:01:16 | 0,47 | % |
| | **Вкупно: 04:29:26** | **100** | **%** |

Поширокото општествено значење на „22 Ноември - Денот на албанската азбука", односно низата академски настани и други општествени свечености за неговата прослава, се поклопија со другите актуелности од Република Македонија, од регионалната и од пошироката меѓународна политичка сцена, па оттаму и големата минутажа за статистичките показатели групирани под категориите – „други субјекти". Описно речено, во оваа ставка се вброени – индивидуите, институциите и организациите што беа вклучени во свеченостите по споменатиот повод (*Свечената академија одржана на Тетовскиот универзитет и научната конференција организирана од Универзитетот „Мајка Тереза"; настаните организирани од Институтот за духовно и кутурно наследство на Албанците и од битолската Спомен-куќа за албанската азбука, за која е емитуван и прилог во кој се опишува нејзиното скврнавење; за потребите повеќе да се работи врз зачувувањето на стандардот на албанскиот јазик емитуван е и разговор со лингвистот Бертон Сулејмани; контекстуално може да се спомене и заедничката прослава на „28 Ноември - Денот на албанската независност", одржана во Тирана, со присуство и на Теута Арифи, градоначалничката на Тетово*).

Во забележителната минутажа за статистичките категории - „*други субјекти*" и „*амбасадори / меѓународни организации / странски политичари*", бележени се и: активностите на македонските синдикати и стручни здруженија од различни стопански и општествени домени на работење, јавните ставови на македонските стопански комори, и активностите на организации и на поединци од т.н. „меѓународна заедница" (*повикот на Советот за етика во медиумите за нужно задржување на професионалните новинарски стандарди за време на изборниот процес; протестите организирани од Синдикатот на привремено затворениот комбинат „Југохром"; заложбите за фер, демократски и кредибилни избори искажани од европратениците Вајгел, Кукан и Флекенштајн; барањето на Стопанската комора на Северозападна Македонија за отворање царински терминал во Јажинце, и работните средби што оваа Комора ги оствари со низа политички партии – учеснички во изборниот процес; континуиран, повеќедневен приказ од мерење на аерозагадувањето во Скопје, и стручни мислења на претставници од невладината „Го Грин"; објавувањето на Првиот извештај од ОБСЕ/ОДИХР со забелешки за текот на изборната кампања;*).

Вториот програмски сервис на МРТ, во попладневното и во вечерното издание на ТВ Дневникот редовно известуваше за настани и јавни реакции организирани од повеќе граѓански асоцијации (*промоција на „Изборен компас", интернет-апликација изработена од Институтот за истражување и општествени иновации; предизборниот мониторинг што засебно го спроведуваат МОСТ и „Цивил"; потпишувањето на граѓанско-политичката - Декларација против насилството врз жените, организирано од Национална мрежа притив насилството врз жените; панел-дискусијата за процесот на македонските евро-атлантски интеграции – организирана од Civil Society Forum Skopje; меѓународната конференција на граѓански организации одржана во Скопје, на тема „Озеленување на балканските економии";*).

Преку вести и куси извештаи, континуирано беа следени општествено важни судски процеси, како и работата на Специјалното јавно обвнителство и неговите релации со другите судски инстанци (*одложените судења против Заев (СДСМ), за случајот „Поткуп" и против членови на „Левица" за учество во толпата што ја демолираше Канцеларијата на претседателот Иванов; одбиеното барање за посебни мерки против Мијалков (ВМРО ДПМНЕ) од случајот „Трезор"; барањата на СЈО до Советот на обвинителите - да му се додели во надлежност и предметот „Сопот"; подготвителното рочиште за предметот на СЈО под кодно име - „Тврдина";*).

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

На 22 ноември, од 20:50 часот, во емисијата „Аргумент" емитувано е час и половина соочување меѓу ДПА и ДУИ, со општо поставена тема – пристапот кон гласачкото тело и изборните поенти. Во дебатата учествуваа: Арбр Адеми од ДУИ, Бардул Даути од ДПА, и политичкиот аналитичар Алберт Муслиу.

На 29 ноември, од 20:30 часот во истата актуелно-информативна емисија емитувана е дебата (репризирана на 30 ноември, од 12 часот) околу – економските платформи на ДУИ и на ДПА. Учесници беа: Ширете Елези од ДУИ, Сами Рушиди од ДПА, и Фатмир Битиќи, претставник од Стопанската комора на Северозападна Македонија.

***Сектор за програмски работи***